Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА 2023 ГОДИНА

**2024, СКОПЈЕ**

## 1. ВОВЕД

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП/Судот) беше основано на почетокот на 2015 година согласно Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009, 43/2014 и 64/2018), како посебно правно лице во состав на Министерството за правда. Покрај овој закон, надлежностите на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП се дефинирани и со Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009 и 43/2014).

Со Законот за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП на Бирото му е доверена улогата на застапување на државните интереси пред ЕСЧП во согласност со Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП/Конвенцијата) и нејзините Протоколи. Со оглед на карактерот и делокругот на доверените надлежности, Бирото за застапување на Република Северна Македонија *de facto* е специјализиран орган за застапување на сите државни органи на Република Северна Македонија во постапките кои пред ЕСЧП се водат против државата.

Освен надлежностите во делот на застапувањето пред ЕСЧП, на Бирото за застапување пред ЕСЧП му е доверена и надлежност во делот на координација на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП и комуникација со Комитетот на министри за целите на надзорот што овој орган на Советот на Европа го врши над извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП. Меѓудругото, Бирото е стручна и административно - техничка поддршка на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

## 2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ПРЕД ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА

ЕСЧП во текот на 2023 година одлучуваше за вкупно 38.260 поднесени апликации, што беше за 3% помалку од поднесените апликации за кои одлучуваше во 2022 година (39.570 апликации).

Бројот на апликации по кои Судот одлучи со пресуда во текот на 2023 година изнесува 6.931 апликација со што се забележува раст од 66% во споредба со 2022 година кога беа решени 4.168 апликации. Комитетот од тројца судии[1] одлучуваше за 6.386 апликации, а

[1] Предметите пред ЕСЧП се решаваат во четири различни видови на судски формации. Согласно членот 26 (1) од ЕКЧП: „За да испитува предмет пред него, Судот заседава во формација на судија-поединец, во комитети од тројца судии, во совети од седум судии и во Голем совет од седумнаесет

формациите во состав од судија поединец постапуваа по 25.834 апликации. Голем број на апликации беа споени, што резултираше со донесени 1.014 пресуди (за 6.931 апликација), споредбено со 2022 година кога беа донесени 1.163 пресуди (за 4.168 апликации).

Што се однесува до бројот на поднесени апликации во текот на 2023 година овој број изнесува 68.450 апликации, што е за 8% понизок од минатата година, кога бројката изнесуваше 74.650. Бројот на поднесени апликации доделени на совет е намален за 48% од 1 јануари 2023 година (18.150 апликации), а кој во 2022 година беше 35.100 апликации. Бројот на поднесени апликации доделени на комитетот се зголеми за 33% (46.150 апликации), а кој во 2022 година беше 34.800 апликации. Во однос на поднесени апликации доделени на судија поединец се забележува намалување на бројот кој падна за 13% споредено со претходната година (4.150 апликации), а 4.750 апликации беа во 2022 година.

На крајот на годината имаше 64.300 нерешени апликации пред совет (вклучувајќи го и Големиот судски совет) или Комитет кои чекаа на решавање, а 4.150 апликации пред судија поединец[2].

Петте држави на кои се однесуваат најголем дел од предметите во постапката пред ЕСЧП останаа исти како и минатата година. Турција, со приближно 20.300 апликации е земја со најголем број случаи; па потоа следуваат Руската Федерација; Украина со 10.600 апликации; Романија со 5.900 апликации и Италија со 3.700 апликации.

Во текот на 2023 година, три советодавни мислења беа дадени по барањата направени од литванскиот највисок управен суд, ерменскиот касационен суд и францускиот државен совет. Седмо барање за советодавно мислење, овој пат од финскиот највисок суд е во тек.

Во текот на 2023 година за 151 апликација беше утврдено со одлука од страна на совет дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот, а 5.344 такви одлуки беа донесени од комитет. Покрај тоа, судии-поединци со одлуки утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 25.834 апликации.[3]

судии.“ Судии-поединци ја утврдуваат допуштеноста на поединечни поднесоци во кои најчесто спаѓаат очигледно неоснованите предмети. Овој систем е воспоставен за да се помогне да се намали акумулацијата на голем број предмети. Составени од тројца судии, комитетите одлучуваат за допуштеноста на предмети, како и за основаноста кога предметот се однесува на прашање опфатено со добро воспоставена судска пракса (одлуката мора да биде едногласна). Составени од седум судии, советите примарно одлучуваат за допуштеноста и основаноста на предмети кои покренуваат прашања за кои не било често одлучувано (одлуката може да се донесе со мнозинство гласови). Секој совет го вклучува претседателот на Советот и „национален судија“ (судија со државјанство на државата против која е поднесена апликацијата). Составен од 17 судии, Големиот совет расправа за мал, избран број на предмети кои му биле упатени или за кои совет му отстапил надлежност, обично кога предметот опфаќа важно или ново прашање. Големиот судски совет секогаш ги вклучува претседателот и потпретседателот на Судот, претседателите на одделите и националниот судија.

[2] Споредбено со 2022 г. – 69.900 нерешени апликации пред совет или комитет, а 4.750 апликации пред судија поединец.

[3] Споредбено со 2022 г. - за 113 апликации беше утврдено дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот од страна на совет и околу 4.703 такви одлуки беа донесени од комитет, додека судии-поединци утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 30.585 апликации.

Бројот на одлуки за недопуштеност и за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот се намали за 12%, од 35.402 во 2022 година, на 31.329 апликации во 2023 година.

Во зависност од судските формации, во 2023 година беа донесени 319 пресуди од страна на совети, 682 од комитети, додека 13 пресуди и 1 одлука за допуштеност беа донесени од страна на Големиот судски совет[4].

Местото на најмногу утврдени повреди во 2023 година го зазема членот 6 (право правично судење) за кој Судот утврди повреда во вкупно 372 апликации. Втора суштинска категорија на констатирани повреди на ЕКЧП е онаа според членот 5 (право на слобода и безбедност) во вкупен број од 348 апликации. На трето место се констатираните повреди на членот 3 (забрана на тортура) во вкупно 344 апликации, на четвртото место е членот 13 (право на ефективен правен лек) во 189 апликации, потоа следат констатираните повреди на членот 1 од Протоколот број 1 (правото на сопственост) во вкупно 87 апликации и повреди на членот 2 (право на живот) во 49 апликации.

Со цел зголемување на ефикасноста и забрзување на постапките пред ЕСЧП, по воведувањето на тн. *WECL* постапка (*well established case law*/постапка за предмети кои покренуваат прашања кои се дел од добро воспоставената судска пракса на ЕСЧП) во 2017 година, Судот во текот на истата година воведе и тн. *IMSI* постапка (*procedure of immediate simplified communication of cases*/постапка за брза поедноставена комуникација на предметите). Воведувањето на овие постапки од страна на ЕСЧП претпоставува зголемен обем на работа за Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, но и го зголемува притисокот за функционирање на институциите во државата во согласност со стандардите изградени во судската пракса на ЕСЧП.

Со воведувањето на *IMSI* постапката, работата на Бирото за застапување пред ЕСЧП се зголеми по својот обем и степен на сложеност. Оваа постапка за разлика од стандардната постапка, која претпоставуваше дека ЕСЧП ја подготвува фактичката состојба (*statement of facts*) по предметот, но и делот на релевантното домашно законодавство (*relevant domestic law*) по кој државата само се произнесуваше, сега товарот на подготовка на овие два дела го става врз државата, односно истата ја подготвува Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП. Дополнително, ова претпоставува можност во случај Владата да не негира определени наводи на апликантот, ЕСЧП истите да ги земе предвид како фактички претпоставки на кои може да ја заснова сопствената одлука. Кон

[4] Споредбено со 2022 г. - 358 пресуди од совети, 796 од комитети, а 9 пресуди од Големиот судски совет.

ваквите промени во постапката пред ЕСЧП треба да се додаде и околноста дека Бирото за застапување пред ЕСЧП работи по преклузивни рокови кои за секое процесно дејствие ги определува ЕСЧП, како и фактот за променетата структура на предмети кои се доставуваат до државата на одговор кои покренуваат далеку посложени прашања, на пример од оние кои се покренуваа во предметите со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок, кои во извесен и подолг период го сочинуваа најголемиот дел од предметите кои се доставуваа на одговор до државата.

Од друга страна, класификацијата на еден предмет против државата како *WECL* предмет кој покренува прашање кое е дел од добро воспоставената судска пракса, претпоставува дека за спорните правни прашања кои тој ги покренува, ЕСЧП веќе претходно одлучувал, но незадолжително во предмет против конкретната држава, туку е доволно за спорното прашање ЕСЧП да одлучувал и во предмет против друга држава членка на Советот на Европа. Ова укажува на фактот дека извесно ќе расте бројот на предмети против државата кои ќе бидат класифицирани во оваа група на предмети, а за кои одлучува комитет од тројца судии. Одлуките и пресудите донесени од комитет од тројца судии стануваат правосилни со денот на нивното донесување и во однос на нив не е дозволено упатување на барање за разгледување на предметот од страна на Големиот судски совет на ЕСЧП. Ова укажува на потребата за доследна примена и почитување на судската пракса на ЕСЧП од страна на сите институции во системот на државата, а како претходни прашања се поставуваат познавањето на истата и на основните алатки за нејзино истражување.

Почнувајќи од 1 јануари 2019 година, ЕСЧП донесе одлука да воведе нова пракса за сите земји членки на Советот на Европа, на посебна фаза во постапката пред ЕСЧП (неспорна фаза/*non-contentious phase*)[5]. Целта на воведувањето таква фаза, според Судот е поедноставување на процесот на пријателското спогодување помеѓу страните во предметите пред ЕСЧП. Примената на оваа пракса продолжи и во текот на 2023 година.

Новата практика во суштина ги одвојува неспорната фаза од постапката (или прва фаза во траење од 12-недели) од спорната (или втора фаза од постапката која се одвива во следните 12-недели) која е всушност фаза од постапката во која се разменуваат опсервациите и произнесувањата помеѓу страните, во случај на непостигнување на договор за пријателско спогодување помеѓу страните.

Сепак, Регистарот на ЕСЧП нема да даде конкретен предлог за пријателско спогодување во секој случај, односно нема да даде предлог во случаи кои се однесуваат на нови прашања што

[5] https://www.youtube.com/watch?v=yUcbKJSuxiE&feature=youtu.be

Судот никогаш не ги оценувал или случаи за кои од некоја специфична причина не би било соодветно да предложи пријателско спогодување. Во предмети кои се доставени на одговор согласно новата пракса, а во кои од различни причини Регистарот на ЕСЧП нема да излезе со сопствен и конкретен предлог со јасно и прецизно дефинирани услови за спогодување по кои странките во постапката треба да се произнесат, истите се сметаат повикани билатерално да преговараат за условите на евентуална спогодба. Сепак, Бирото за застапување пред ЕСЧП, во принцип ѝ предлага спогодбено решавање на Владата на Северна Македонија само во случај на јасни и прецизни услови за спогодување предложени од страна на ЕСЧП.

Во септември 2023 година беа одбележани 70 години од влегувањето во сила на Конвенцијата. Во октомври Судот организираше семинар за „Судски дијалог за механизмот на советодавно мислење според Протоколот бр. 16" за означување на петтата годишнина од влегувањето во сила на Протоколот. Семинарот даде можност да се соберат претседателите на судовите од државите кои го имаат ратификувано протоколот, но и од други кои го немаат потпишано, да направат анализа за тоа како механизмот работи во пракса и за тоа како истиот може да се развива во иднина.

## 3. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2023 година

Бројот на поднесени апликации пред ЕСЧП против Република Северна Македонија се чини во текот на 2023 година запазува релативно стабилен, но неповолен тренд. Слично како и во претходните години, во текот на 2023 година, овој број е над европскиот просек мерено според индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој на европско ниво во текот на 2023 година изнесуваше 1.83. Република Северна Македонија во 2023 година според овој индекс заврши на 9-то место во семејството на држави членки на Советот на Европа со индекс од 2.00. Индексот на поднесени апликации пред ЕСЧП на 10.000 жители против државата во 2022 година изнесуваше 0.54, во 2021 година изнесуваше 1.90, 2020 година изнесуваше 1.32, во 2019 година беше 1.26, во 2018 година изнесуваше 1.47, во 2017 година изнесуваше 1.66, во текот на 2016 година индексот беше 1.64, а со ваквиот индекс државата во 2022 и 2021 година беше на 7-то место, 2020 година беше на 12-тото место, во 2019 година беше на 11-тото место, во 2018 година беше на 9-тото место, а во 2017 и во 2016 година на 11-тото место меѓу државите членки на Советот на Европа.

Во текот на 2023 година ЕСЧП одлучи по вкупно 340 апликации против Северна Македонија (за разлика од 2022 година кога овој број изнесуваше 314).

Во 2023 година ЕСЧП прогласи за недопуштени или симна од листата на сопствени предмети вкупно 432 апликации против државата, за разлика од претходната 2022 година

кога бројот беше 302. Иако, најчесто поради неисполнување на определени формални претпоставки (како на пр. непочитување на роковите за поднесување на апликациите или неискористување на домашните правни средства пред поднесување на апликацијата), кај овој вид на апликации кои завршуваат како недопуштени, Судот е спречен да ја испитува основаноста на истите (најголемиот дел од нив и без да се доставаат на одговор до државата, во случај кога одлучува судија поединец), не треба да се исклучи можноста дека тие сепак разоткриваат сериозни повреди на ЕКЧП. Покрај тоа со симнување на листата од предмети завршуваат и апликациите за кои ЕСЧП донесува одлука врз основа на постигната спогодба помеѓу странките или врз основа на еднострана декларација со која државата ја признава повредата на Конвенцијата.

Во текот на 2023 година пред различните судски формации на ЕСЧП беа распоредени вкупно 335 апликации против Република Северна Македонија, што означува намалување во однос на претходната 2022 година кога овој број изнесуваше 367, а во 2021 година беа 394 апликации.

Во текот на 2023 година до Бирото за застапување на Република Северна Македонија на одговор беа доставени вкупно 48 апликации за вкупно 21 предмет. Повеќе за апликациите кои беа доставени на одговор до државата во текот на 2023 година и за наводите за повреда на ЕКЧП кои се покренуваат во нив, види **Анекс бр.1**.

Во текот на годината беа донесени вкупно 11 пресуди против Република Северна Македонија за вкупно 26 апликации (имајќи предвид дека за некои од нив Судот ја спои постапката). Со 10 беше констатирана повреда на ЕКЧП (подетално за пресудите и одлуките на ЕСЧП види подолу)[6], а 1 пресуда беше донесена за случај за кој Судот веќе претходно имаше утврдено повреда, а во постапка за ревизија[7].

## 4. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕСЧП ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Откако државата ја ратификуваше Европската конвенција за човекови права на 10 април 1997 година, Европскиот суд за човекови права има донесено 202 пресуди и 546 финални одлуки за допуштеност и одлуки за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот во предмети против Северна Македонија. Од вкупниот број на пресуди против државата, 159 се усвоени од совет од 7 судии, 41 од комитет од тројца судии во т.н. „повторувачки" предмети

[6] *Насков и други*, пресуда од 12 декември 2023 година; *С.Б.*, пресуда од 30 ноември 2023 година; *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Китановска и Трајковски*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Мемедова и други*, пресуда од 24 октомври 2023 година; *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година; *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година; *Китановска и Барбуловски*, пресуда од 9 мај 2023 година; *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 година; *Радика превози ДОО Љубљана*, пресуда од 21 март 2023 година;
[7] *Јакимовски и Кари превоз*, пресуда 1 јуни 2023 година

или т.н. WECL - предмети на добро воспоставена судска пракса и 2 од страна на Големиот судски совет. Во текот на 2023 година, против нашата држава беа донесени 11 пресуди (по 26 апликации поднесени пред ЕСЧП)[8] и 20 одлуки (по вкупно 116 поднесени апликации)[9].

## 4.1. УТВРДЕНИ ПОВРЕДИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од вкупниот број на пресуди против државата, 125 пресуди се однесуваат на членот 6 од Конвенцијата, *правото на правично судење*, при што беа утврдени повреди во 118 предмети. Голем број од пресудите во врска со членот 6 се однесуваат на правото на судење во разумен рок. Судот зазема становиште дека апликантите најпрво треба да поднесат барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд, што се смета за ефикасен правен лек, пред да го поднесат нивниот случај пред него[10].

Многу граѓански и управни предмети покренаа прашања што се однесуваа на непристрасноста[11], начелото на еднаквост на оружјата[12], отсуството на правна сигурност и конзистентна судска пракса[13], отсуството на доволно образложение на судските одлуки[14], правото на пристап до суд[15], правото на усна расправа[16], целосно отсуство на правичност на постапката (*denial of fear hearing*)[17]. Од друга страна, презумпцијата на невиност[18], еднаквоста на оружјата и правото на одбрана во врска со допуштеноста на исказите од отсутни или сведоци со прикриен идентитет (загрозени) сведоци[19] и присуството на обвинетиот на рочиште[20], оценката на вештите наоди и мислења[21], правото на усна расправа[22], допуштеноста на незаконито стекнати докази[23], користењето на агент

---

[8] *Ibid*.

[9] *Дамјановски и други*, одлука од 14 декември 2023 година; *Стојановски и други*, одлука од 23 ноември 2023 година; *Велковска и други*, одлука од 14 декември 2023 година; *Ејупи и други*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Илијевска и други*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Рипилоски*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Трајческа*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Тутуновска и други*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Ангелески и други*, одлука од 28 септември 2023 година; *М.Ч.Г. и други*, одлука од 28 септември 2023 година; *Блажески*, одлука од 7 септември 2023 година; *Хасан и други*, одлука од 6 јули 2023 година; *Y и Z*, одлука од 6 јули 2023 година; *Цанева и други*, одлука од 11 мај 2023 година; *Исеини и други*, одлука од 13 април 2023 година; *Бунгуров*, одлука од 9 март 2023 година; *Филич*, одлука од 7 февруари 2023 година; *Кузмановска и други*, одлука од 2 март 2023 година; *Салим и други*, одлука од 2 март 2023 година; *Талески и други*, одлука од 16 февруари 2023 година.

[10] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука на совет од 3 ноември 201 1 година.

[11] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година, *Митров*, пресуда од 2 јуни 2016 година; *Митриновски*, пресуда од 30 април 2015 година; *Бајалџиев*, пресуда од 25 октомври 2011 година; *Николов*, пресуда од 20 декември 2007 година.

[12] *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Тасева-Петровска*, пресуда од 11 јануари 2018 година; *Наумоски*, пресуда од 27 ноември 2012 година; *Грозданоски*, пресуда од 31 мај 2007 година.

[13] *Крстаноски и други*, пресуда од 7 декември 2017 година; *Стоилковска*, пресуда од 18 јули 2013 година.

[14] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Атанасовски*, пресуда од 14 јануари 2010 година; *АСП ПП ДООЕЛ*, пресуда од 6 јуни 2019 година.

[15] *Китановска и Барбуловски*, пресуда од 9 мај 2023 година, *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Адиловска*, пресуда од 23 јануари 2020 година; *Центар за развој на аналитичка психологија*, пресуда од 15 јуни 2017 година; *Балажоски*, пресуда од 25 април 2013 година; *Спасовски*, пресуда од 10 јуни 2010 година; *Демерџиева и други*, пресуда од 10 јуни 2010 година; *Борис Стојановски*, пресуда од 6 мај 2010 година; *Петкоски и други*, пресуда од 8 јануари 2008 година; *Фетаовски*, пресуда од 19 јуни 2008 година. Повреда во оваа смисла не беше утврдена во *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016 година.

[16] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017 година; *Миткова*, пресуда од 15 октомври 2015 година.

[17] *Талевска и Трпческа,* пресуда од 28.06.2022 година.

[18] *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година (во кој не беа утврдени повреди во овој поглед), *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Полетан и Азировиќ*, пресуда од 12 мај 2016 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година.

[19] *Бошкоски*, пресуда од 4 јуни 2020 година; *Зибери*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Асани*, пресуда од 1 февруари 2018 година; *Дончев и Бургов*, пресуда од 12 јуни 2014 година; *Иљази*, пресуда од 3 октомври 2013 година; *Пападакис*, пресуда од 26 февруари 2013; *Трампевски*, пресуда од 10 јули 2012 година; *Атанасов (бр. 2)*, пресуда од 19 април 2011 година; *Солаков*, пресуда од 31 октомври 2001 година.

[20] *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 год *Ефтимов*, пресуда од 2 јули 2015; *Атанасов*, пресуда од 17 февруари 2011; *Настеска*, пресуда од 27 мај 2010; *Митревски*, пресуда од 21 јуни 2006.

[21] *Душко Ивановски*, пресуда од 24 април 2014 година; *Стоименов*, пресуда од 5 април 2007 година.

[22] *Костовски*, пресуда од 07.06.2022 година, *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година.

[23] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година.

провокатор[24] и правото на толкувач[25], недопуштеноста на докази[26], неможноста да се добие повторно судењето по осуда во отсуство[27] беа адресирани во многу кривични предмети пред ЕСЧП, вклучително и во прекршочни предмети.

Повреда е утврдена во 15 пресуди кои се однесуваат на членот 1 од Протоколот бр. 1, кој го гарантира *правото на сопственост*, поради поништувањето на конечно решение со кое е признаено право на пензија[28], одбивањето да се врати во сопственост во постапка за денационализација одземената земјишна парцела, иако биле исполнети законските услови[29], недоволниот надоместок за експропријација на земјиштето на апликантите во корист на правно лице[30], одземањето на возила кои биле употребени како средства за извршување на кривично дело или прекршок[31], недозволувањето на одбивка на ДДВ на компанијата – апликант[32], неизвршување во контекст на извршна постапка[33]. Во случајот на исклучените корисници од топлинска енергија во колективните објекти за домување кои беа обврзани да плаќаат паушал на снабдувачот, Судот исто така утврди дека државата сторила повреда на правото на сопственост[34]. Вонредното поништување на конечно и правосилно решение за денационализација, што имало за цел да се исправат „очигледните пропусти" на управните органи не претставуваше повреда[35].

Судот донесе 4 пресуди за членот 2, *правото на живот*[36], утврдувајќи повреда дури и кога не настапила смрт, туку на апликантот само му била нанесена повреда од страна на полициски службеник[37]. Повреда не беше констатирана во случај на дејствија или пропуштања на лица инволвирани во непријавување на кривично дело, што имало за последица смрт на синот на апликантката кој бил убиен од припадник на специјалните полициски сили[38]. 18-месечното одложување на извршувањето на затворската казна на

---

[24] *Ѓоргиевски*, пресуда од 16 јули 2009 година.
[25] Повреда не беше утврдена во *Сандел*, пресуда од 27 мај 2010 година.
[26] *Костовски*, пресуда од 07.06.2022 година.
[27] *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 година.
[28] *Ромева*, пресуда од 12 декември 2019 година.
[29] *Насков и други*, пресуда од 12 декември 2023 година, *Стојановски и други*, пресуда од 23 октомври 2014 година и пресуда од 7 февруари 2019 година во однос на материјалната штета во конкретниот случај.
[30] *Арсовски*, пресуда од 15 јануари 2013 година и пресуда од 7 февруари 2019 година во однос на материјалната штета во конкретниот случај.
[31] *Радика превози ДОО Љубљана*, пресуда од 21.03.2023 година; *Анев и Најдовски*, пресуда од 3 септември 2020 година; *Јакимовски и Кари превоз,* пресуда од 14 ноември 2019 година; *Анастасов*, пресуда од 26 септември 2019 година; *Василевски*, пресуда од 28 април 2016 година; *Андоноски,* пресуда од 17 септември 2015 година. Не беше утврдена повреда во *Сулејмани*, пресуда од 28 април 2016 година.
[32] *Авто Атом Доо Кочани*, пресуда од 28 мај 2020 година; *Еуромак Метал Доо,* пресуда од 4 септември 2019
[33] *Јануловски*, пресуда од 3 јули 2007
[34] *Китановска и Трајковски*, пресуда од 14.11.2023 година; *Стрезовски*, пресуда од 27 февруари 2020 година.
[35] *Спиридоновска и Поповски*, пресуда од 19 октомври 2017 година; *Толески*, пресуда од 15 јуни 2017 година; *Викентијевиќ*, пресуда од 6 февруари 2014 година.
[36] *Китановска-Станојковиќ и други,* пресуда од 13 октомври 2016 година; *Нешкоска,* пресуда од 21 јануари 2016 година; *Китановски,* пресуда од 22 јануари 2015 година; *Сашо Ѓоргиев,* пресуда од 19 април 2012 година.
[37] *Сашо Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012 година.
[38] *Нешкоска*, пресуда од 21 јануари 2016 година.

сторителот се сметаше за составен дел од процедуралната обврска на државата од членот 2[39].

Во 14 пресуди во врска со членот 3, *забрана на мачење*, Судот утврди прекршување во процедуралниот дел[40]. Во многу предмети, Судот потенцираше дека од жртвите на наводни повреди не се бара самите да покренат гонење на овластените службени лица на државата, туку должност на обвинителот е да го испита апликантот и да ги земе предвид сите докази, односно да спроведе ефективна истрага[41], а во еден предмет Судот го сметаше за претеран формализам инсистирањето апликантот да го открие идентитетот на сите полициски службеници против кои тој поднел кривична пријава[42]. Освен тоа во *Ел-Масри* и во *Хајрулаху,* Судот го квалификуваше постапувањето како тортура, со оглед дека на апликантот му се заканувале со цел да извлечат признание, што му предизвикало емоционална, психолошка и физичка болка и страдање[43]. Врзувањето со лисици на душевно болна апликантка во текот на нејзиниот транспорт до болница претставуваше деградирачки третман со кој се прекршува суштинскиот аспект од членот 3[44]. Судот утврди повреда на материјалниот аспект на членот 3 од Конвенцијата и деградирачки третман и во случајот на несоодветната грижа на ментално болно осумгодишно дете кое над една година и девет месеци било сместено во установа несоодветна за неговата здравствена состојба[45], а во врска со истиот случај констатираше повреда поради отсуство на ефикасна истрага, како меѓународна обврска на државата. ЕСЧП во 2023 година утврди повреда на материјалниот аспект на членот 3 поради отсуство на пристап до храна, вода и тоалет на апликантите, сите сексуални работници, во периодот додека биле задржани во полициска станица[46].

Во врска со загарантираната *забрана на дискриминација* според Конвенцијата, во еден случај, Судот утврди повреда на членот 14 во врска со членот 3 поради неуспехот на домашните власти да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност[47], а во еден случај Судот утврди повреда на членот 14 во врска со членот 2 од Протоколот број 1 од ЕКЧП поради тоа што не била спречена сегрегација на деца Роми во две државни основни

[39] *Китановска-Станојковиќ и други*, пресуда од 13 октомври 2016 година.
[40] *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020 година; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020 година, Л.Р., пресуда од 23 јануари 2020 година; *Селами и други,* пресуда од 1 март 2018 година; *Асллани,* пресуда од 10 декември 2015 година; *Хајрулаху,* пресуда од 29 октомври 2015 година; *Андоновски,* пресуда од 23 јули 2015 година; *Китановски,* пресуда од 22 јануари 2015 година; *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година; *Ѓоргиев,* пресуда од 19 април 2012 година; *Сулејманов*, пресуда од 24 април 2008 година; *Џеладинов и други,* пресуда од 10 април 2008 година; *Трајкоски и други*, пресуда од 7 февруари 2008 година; *Јашар*, пресуда од 15 февруари 2007 година.
[41] *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020 година; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020 година.
[42] *Трајкоски*, пресуда од 7 февруари 2008 година.
[43] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година.
[44] *Илиевска*, пресуда од 7 мај 2015 година.
[45] *Л.Р.*, пресуда од 23 јануари 2020 година.
[46] *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година.
[47] *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година.

училишта во Битола и Штип[48]. Во текот на 2023 година, Судот утврди дека била сторена дискриминација во врска со случај во кој било забрането правото на слобода на движење на апликантите кои биле од ромска етничка припадност[49].

Повреди беа констатирани во 12 пресуди кои се донесени за членот 5, *правото на слобода и безбедност*[50]. Пресудата на Големиот совет во *Ел-Масри против Македонија*[51] се однесуваше на арбитрерното *incommunicado* притворање на германски државјанин, неговото „вонредно предавање" и неговиот трансфер во Авганистан, каде тој бил малтретиран. Освен предолгото траење на притворите и необразложеноста на притворските решенија[52], ЕСЧП го дискутираше и правото на обвинетиот ефективно да учествува во постапката во која неговиот иницијален куќен притвор бил заменет со притвор[53], отсуството на разумно сомнение дека апликантот сторил кривично дело[54], незаконитото апсење поради наводно непридржување кон налогот на судот за плаќање на глоба и неинформирањето на апликантот за причините за неговото апсење[55], недоделувањето на (доволен) надоместок поради незаконитото лишување од слобода (и мачењето на апликантот за време на лишувањето од слобода)[56], како и неоправданото континуирано задржување во психијатриска установа[57]; долгото траење на постапките за судски надзор над определениот притвор/куќен притвор на апликантите[58], како и повреда на членот 5 поради неможноста апликантката да ги оспори поднесоците на јавниот обвинител во постапката за притвор бидејќи истите не ѝ биле доставени во редовната постапка[59].

Повреда беше утврдена во 11 од 12 пресуди за членот 8, *правото на почитување на приватниот и семејниот живот*, што ги опфати одбивањето на промена на етничката припадност во Судскиот изборен именик во тек на оглас[60], одбивање на барањето на трансродово лице за промена на полот во матичната евиденција[61], правото на почитување

---

[48] *Елмазова и други*, пресуда од 13.12.2022 година.
[49] *Мемедова и други*, пресуда од 24 октомври 2023 година.
[50] *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година; *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018 година; *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013 година; *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010 година; *Митрески*, пресуда од 25 март 2010 година; *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009 година; *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009 година.
[51] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година.
[52] *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018 година; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010 година.
[53] *Митрески*, пресуда од 25 март 2010 година.
[54] *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009 година.
[55] *Велинов*, пресуда од 19 септември2013 година.
[56] *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013 година.
[57] *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009 година.
[58] *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година.
[59] *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година.
[60] *Тасев*, пресуда од 16 мај 2019 година.
[61] *Х*, пресуда од 17 јануари 2019 година.

на угледот[62], неизвршувањето на решенијата за одржување на контакти помеѓу родителите и нивните деца[63], моралниот и физичкиот интегритет на личноста[64], временски неопределеното чување на ДНК-примероци на осудени лица и недостаток на можност да се побара бришење на истите[65] и прибавување на доверливи медицински податоци на апликантите од страна на полицијата без доволно заштитни мерки за нивно обелоденување[66], како и фотографирање на апликантите - сексуални работници додека биле во притвор и објавување на фотографиите од страна на МВР[67].

Во вкупно 4 пресуди против државата беше утврдена повреда на членот 10 од Конвенцијата, кој го гарантира *правото на слобода на изразување* – поради присилното отстранување на новинарите од собраниската галерија додека тие известувале за дебатата за одобрување на државниот буџет за 2013 година[68]; во еден случај во кој беше утврдена кривична одговорност на апликантот за клевета, Судот констатираше дека таквата осуда имала обесхрабрувачки ефект во однос на политичката дебата како основа за функционирање на демократијата[69]; Судот утврди повреда и во случајот на колумнист кој беше кривично осуден за клевета за критикување на новинар во негова колумна[70]; во еден случај против државата Судот утврди повреда на слободата на изразување бидејќи одлучувањето на граѓанскиот суд за надомест на штета против апликантите, кои како новинари пренеле и цитирале информација за јавен функционер во тоа време, сепак постапувале со потребното внимание кое го бара одговорното новинарство известувајќи за прашање од јавен интерес и не може да се сметаат за одговорни поради неможноста да ја утврдат вистината за спорните наводи, како и поради тоа што висината на досудените износи за надомест на штета влијаела обесхрабрувачки во однос на отворената дискусија на теми од јавно значење“[71].

Само еден случај по членот 11 според кој е загарантирана *слободата на собирање и здружување* се однесуваше на престанок на граѓанско здружение[72], додека 4 случаи

[62] *Карајанов*, пресуда од 6 април 2017 година; *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016 година; *Поповски*, пресуда од 31 октомври 2013 година.
[63] *Олури*, пресуда од 16 јануари 2020 година, *Митови*, пресуда од 16 април 2015 година. Спротивно на тоа, повреда во овој поглед не беше утврдена во *Митрова и Савиќ*, пресуда од 11 февруари 2016 година.
[64] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година.
[65] *Трајковски и Чиповски*, пресуда од 13 февруари 2020 година.
[66] *Ј.М. и А.Т.*, пресуда од 22 октомври 2020 година.
[67] *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година.
[68] *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017 година.
[69] *Макрадули*, пресуда од 19.07.2018 година.
[70] *Гелевски*, пресуда од 8 октомври 2020 година.
[71] *Костова и Апостолов*, пресуда од 05.04.2022 година.
[72] *Здружение на граѓани „Радко“ и Паунковски*, пресуда од 15 јануари 2009 година.

вклучуваа забрана за регистрирање на верски заедници (повреда на членот 11 во врска со членот 9)[73].

Во текот на 2023 година, ЕСЧП во 1 случај утврди повреда на членот 2 од Протоколот број 4 кој ја гарантира слободата на движење[74], а во 1 случај Судот утврди повреда на членот 1 од Протоколот број 7 кој ги предвидува процедуралните гаранции во случај на протерување на странци, откако слична повреда беше утврдена и претходно во 2018[75].

## 5. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА




### 5.1. ПРЕСУДИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од 11 пресуди против државата донесени во текот на 2023 година, 5 пресуди беа усвоени од совет од седум судии[76], а 6 од комитет од тројца судии[77]. Во 2 случаи Судот најде

---

[73] *Ставропигијален манастир „Свети Јован Златоуст“*, пресуда од 29 ноември 2018 година; *„Црква на вистинските православни христијани“ и Ивановски*, пресуда од 29 ноември 2018 година; *„Бекташка заедница“ и други*, пресуда од 12 април 2018 година; *„Православна охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на Пеќката патријаршија)“*, пресуда од 16 ноември 2017 година.
[74] *Мемедова и други*, пресуда од 24 октовмри 2023 година.
[75] *С.Б.*, пресуда од 30 ноември 2023 година; *Љатифи*, пресуда од 17 мај 2018
[76] *Насков и други*, пресуда од 12 декември 2023 година; *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Мемедова и други*, пресуда од 24 октомври 2023 година; *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година; *Китановска и Барбуловски*, пресуда од 9 мај 2023 година.

повреда на членот 6[78], во 3 случаи ЕСЧП утврди повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата[79], во 1 случај утврди повреда на членот 1 од Протоколот број 7 од ЕКЧП[80] кој ги предвидува процедуралните гаранции во врска со протерување на странци, а во 2 случаи беше утврдена повреда на членот 5 од ЕКЧП кој го гарантира правото на слобода и безбедност, а поради недостаток на доволно причини за лишување од слобода на апликантот[81]; долгото траење на постапките за судски надзор над определениот притвор/куќен притвор на апликантите[82], како и повреда на процедуралните гаранции поради неможност апликантката да ги оспори поднесоците на јавниот обвинител во постапката за притвор бидејќи истите не ѝ биле доставени[83], 1 случај во кој беше утврдена повреда на членот 2 од Протоколот број 4 кој ја гарантира слободата на движење, односно слободата апликантите да ја напуштат државата[84], како и 1 случај во кој се утврди повреда на забраната од дискриминација[85], 1 случај во кој беше утврдена повреда на материјалниот аспект на членот 3 кој ја гарантира забраната на тортура[86] и 1 случај во кој беше повредено правото на почитување на приватноста гарантирано со членот 8 од ЕКЧП[87]. Исто така, 1 пресуда беше донесена по барање за ревизија од причина што износот кој беше досуден од страна на ЕСЧП беше досуден и на компанија апликант која во меѓувреме престанала да постои[88].

ЕСЧП во текот на 2023 година ги донесе следните пресуди против државата:

По неуспешните преговори за пријателско спогодување во случајот *Радика превози ДОО Љубљана*, Владата достави еднострана декларација со која призна дека имало повреда на членот 1 од Протоколот број 1 од Конвенцијата. Меѓутоа, Судот одлучи да го продолжи разгледувањето на апликацијата по приговорот на компанијата апликант дека според домашното законодавство и домашната судска пракса, одлука донесена од Судот по еднострана декларација од Владата, за разлика од пресуда донесена од Судот со која се утврдува повреда, не може да послужи како основа за повторување на постапката. Во овој случај, жалбените наводи на компанијата апликант се однесуваа на повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на ЕКЧП бидејќи истата не добила надомест во последователната граѓанска

---

77 *С.Б.*, пресуда од 30 ноември 2023 година; *Китановска и Трајковски*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Јакимовски и Кари превоз*, пресуда од 1 јуни 2023 година; *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година; *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 година; *Радика превози ДОО Љубљана*, пресуда од 21 март 2023 година.
78 *Китановска и Барбуловски,* пресуда од 9 мај 2023 година; *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 година.
79 *Насков и други*, пресуда од 12 декември 2023 година; *Китановска и Трајковски,* пресуда од 14 ноември 2023 година; *Радика превози ДОО Љубљана*, пресуда од 21 март 2023 година.
80 *С.Б.,* пресуда од 30 ноември 2023 година.
81 *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година.
82 *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година.
83 *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година.
84 *Мемедова и други*, пресуда од 24 октомври 2023 година.
85 *Мемедова и други*, пресуда од 24 октомври 2023 година.
86 *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година.
87 *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година.
88 *Јакимовски и Кари превоз*, пресуда од 1 јуни 2023 година.

постапка за надомест на штетата поради привременото одземање на нејзиното возило, откако прекршочната постапка против неа била запрена затоа што настапила апсолутна застареност. ЕСЧП со пресудата констатираше дека во случајот постои повреда на правото на сопственост на компанијата апликант при оценката на пропорционалноста на мерката за времено одземање на возилото во контекст на граѓанската постапка за надомест на штета, имајќи предвид дека неспорно компанијата апликант била сопственик на привремено одземеното возило, кое во конкретните околности на случајот било вратено во солидна форма по протек на две години и пет месеци, како што впрочем констатирале и домашните судови, кои меѓутоа спровеле многу формалистичко испитување на тужбеното барање за надомест на штета на компанијата апликант, ограничувајќи се само на испитување на законитоста на спорната мерка, односно на временото одземање. ЕСЧП забележа дека наводите на компанијата апликант во граѓанската постапка за надомест на штета за изгубена добивка, што било поткрепено и со вешт наод и мислење, а имајќи предвид дека возилото било основно средство за работа на компанијата апликант, како аргумент кој потенцијално имал клучна улога при оценката на пропорционалноста на мерката за привремено одземање, не биле предмет на соодветна оценка од страна на домашните судови. Ваквиот пропуст на домашните судови не бил во согласност со обврската на домашните судови кои требало да го применат трипартитниот тест (дали мерката е законита, дали имала легитимна цел и дали таа била пропорционална) и да оценат дали временото одземање на возилото не предизвикало за компанијата апликант повеќе штета од нужно неопходната. Затоа ЕСЧП заклучи дека домашните судови не обезбедиле правичен баланс помеѓу засегнатите интереси (сопственички интерес на компанијата апликант и јавниот интерес за превенирање на злоупотреба на царинскиот систем) и не обезбедиле соодветна заштита на сопственичките права на компанијата апликант во контекст на граѓанската постапка.

Предметот *Димчевска* се однесува на жалбени наводи за неможноста на апликантката да добие повторување на кривичната постапка против неа откако била осудена во нејзино отсуство со оглед дека била надвор од државата и не била известена за постоењето на таквата постапка. Судот утврди повреда на правото на пристап до суд согласно кривичниот аспект на членот 6 став 1 од ЕКЧП, бидејќи не било утврдено дека таа се откажала од правото да се појави и да се брани или дека имала намера да избега од судењето.

Жалбените наводи на апликантите во случајот *Китановска и Барбуловски* се однесуваа на тоа дека била сторена повреда на нивното право на правично судење бидејќи нивните приговори против платните нотарски налози кои се однесувале на обврската за плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија, биле отфрлени од страна на домашните судови затоа што не биле составени од страна на адвокат, како што било предвидено во членот 68 од

Законот за нотаријат. Судот ја отфрли апликацијата на апликантот Барбуловски бидејќи истата ја поднел откако изминал рокот од 6 месеци за поднесување апликација пред ЕСЧП, а за апликантката Китановска утврди дека постои повреда на правото на пристап до суд кое е гарантирано со членот 6 од ЕКЧП. При одлучувањето за основаноста на апликацијата, Судот ги разгледуваше наводите на апликантката низ призмата на правото на пристап до суд, загарантирано со членот 6 од ЕКЧП. Првенствено, Судот утврди дека приговор против нотарско решение за платен налог е единствениот начин на кој должникот може да добие судска разрешница во однос на наводниот долг и дека во случајот приговорот на апликантката не бил разгледуван во неговата основаност од страна на ниту една домашна судска инстанца само поради тоа што не бил составен од адвокат, а тоа имало за цел да обезбеди правна сигурност. Според Судот, таквата цел се губи доколку, како во случајот, ги спречува странките да добијат судска разрешница во однос на основаноста на нивните случаи, дотолку повеќе што во случајот станувало збор за ограничување на правото на пристап до суд воопшто, како и дека ограничувањето на пристап до суд во случајот било непропорционално имајќи предвид и дека во случајот станувало збор за прилично лесен, јасен и повторувачки случај, трошоците за адвокат (во случајот околу 16 евра) иако сами по себе не се чинат големи, претставувале скоро 1/3 од главниот долг, апликантката немала можност да има пристап до бесплатна правна помош, а законските одредби кои претпоставуваат приговорот да биде поднесен преку адвокат се применувале автоматски и без исклучок, односно без можност да се земат предвид евентуалните специфики на одредена странка или да се побара доуредување на приговорот по законскиот рок за негово поднесување. Поради тоа, ЕСЧП утврди повреда на правото на пристап до суд.

Апликацијата во случајот *Доцевска-Божиновска* се однесува на жалбени наводи дека на апликантката не ѝ била доставена жалбата поднесена од страна на јавниот обвинител против одлуката на Основниот кривичен суд со која ѝ бил определен куќен притвор, а по основ на која куќниот притвор бил заменет со мерка притвор, во контекст на кривичната постапка поведена против неа, како и дека постапката пред Апелациониот суд по нејзината жалба против одлуката за продолжување на нејзиниот притвор траела прекумерно долго, односно не била со брзина која ја бара и дозволува ЕКЧП имајќи ја предвид природата на ограничувањето кое го наметнува мерката за обезбедување присуство. Со донесената пресуда ЕСЧП констатираше повреда на членот 5 § 4 од ЕКЧП и утврди дека иако жалбата од јавниот обвинител всушност ѝ била доставена на апликантката, сепак таа била доставена доцна, односно откако кривичниот совет на Основниот кривичен суд, одлучувајќи по жалбата на јавното обвинителство, мерката куќен притвор ја заменил со мерка притвор, со што всушност на апликантката не ѝ била дадена можност да биде навреме информирана и да се произнесе по наводите на јавниот

обвинител наведени во неговата жалба, која очигледно имала за цел да го убеди кривичниот совет да ја замени мерката куќен притвор со построга мерка. Исто така, со пресудата на Судот беше утврдена и повреда на членот 5 § 4 од ЕКЧП во светло на фактот дека постапката за судски надзор на одлуката за подоцнежното продолжување на нејзиниот притвор траела прекумерно долго, односно Апелациониот суд ја разгледал нејзината жалба против одлуката за продолжување на притворот и истата ја одбил дури 18 дена откако апликантката ја поднела нејзината жалба, а одлуката на Апелациониот суд ѝ била доставена на апликантката дури 21 ден по поднесувањето на жалбата, во услови кога апликантката не придонела за одолговлекувањето.

Во случајот *Д.Х. и други*, Судот утврди повреда на членот 3 (забрана за тортура) и повреда на членот 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот) од ЕКЧП. Апликантите, сите сексуални работници, тврдеа дека биле изложени на нечовечко и понижувачко постапување за време на нивното задржување во полициска станица без пристап до вода, храна и тоалет, како и дека не им била укажана медицинска грижа и покрај нивните сериозни здравствени состојби. Дополнително, повикувајќи се на членот 8 од Конвенцијата тврдеа дека нивното право на почитување на нивниот приватен живот било повредено со тоа што им била земена крв и им биле направени фотографии додека биле задржани во полициската станица, а фотографиите потоа биле објавени на интернет-страницата на Министерството и во одредени медиуми. Апликантите, исто така истакнаа наводи за повреда на членот 6 § 1 (право на правично судење), заради недостаток на образложение во пресудата на Апелациониот суд. Во овој контекст, Судот забележа дека описот на апликантите во однос на околностите во врска со наводното нечовечко и понижувачко постапување кон нив со тоа што не им биле обезбедени вода, храна и пристап до тоалет бил многу детален, специфичен и конзистентен во постапките пред истражниот судија и пред граѓанските судови, како и дека сите тие потврдиле дека не им бил овозможен пристап до храна, вода и тоалет, а настанот им всадил чувство на инфериорност и понижување, што било потврдено од двајца други директни учесници, кои биле присутни на местото на настанот како притворени заедно со апликантите, а сепак не биле обезбедени доволно докази кои убедливо докажуваат дека полициските власти ги зеле предвид нивните основни потреби, како на пример обезбедување храна, вода и пристап до тоалет, поради што во овој дел утврди повреда на членот 3 од Конвенцијата во врска со недостатокот на пристап до храна, вода и тоалет. Судот утврди дека не постои повреда на членот 3 во однос на наводите дека властите не им обезбедиле соодветна медицинска грижа додека биле лишени од слобода. Судот исто така утврди дека не постои повреда на членот 8 во однос на земањето примероци на крв од апликантите, односно дека мерката била заснована врз закон, дека имало легитимна цел за заштита на јавното здравје, дека примероците биле земени од медицинско

лице, како и дека дел од апликантите се согласиле и биле информирани за целта на испитувањето, додека пак, иако дел од апликанките не биле директно информирани, разумно било да се претпостави дека во дадениот контекст биле свесни за ситуацијата. Судот утврди дека Апелациониот суд без доволно образложение ја одбил жалбата на апликантите во однос на наводните дејствија од страна на Министерството – имено, фотографирањето и објавувањето на фотографиите на апликантките на кои нивниот идентитет не бил сокриен. Имено, Судот забележа дека првостепениот суд утврдил дека полициските власти ги прекршиле правата на апликантите од членот 8 од Конвенцијата со тоа што ги фотографирале додека биле задржани во полициска станица и ги објавиле фотографиите на интернет-страницата на Министерството, меѓутоа, Апелациониот суд не се осврнал на тоа прашање и експлицитно не отстапил, ниту ги отфрлил заклучоците донесени од првостепениот суд. Наместо тоа, тој ја прифатил жалбата поднесена од Министерството и забележал, со формулација изразена во прилично општи термини, дека ниту едно од правата на апликантите не било повредено и притоа не дал објаснување за тој заклучок во однос на наводите на апликантите по овој основ. Според тоа, Судот заклучи дека домашните судови не ја исполниле својата обврска да го заштитат правото на апликантите на почитување на нивниот приватен живот од повредата на тоа право со објавување на нивните фотографии на интернет-страницата на Министерството, поради што утврди повреда на членот 8 од Конвенцијата во врска со објавувањето на нивни фотографии од страна на Министерството за внатрешни работи. Со оглед на тоа, утврди дека нема потреба да се испита жалбениот анвод во однос на членот 6 од Конвенцијата.

Во случајот *Мемедова и други*, апликациите се однесуваат на жалбени наводи поднесени од апликантите со ромска етничка припадност во однос на настани кои датираат од 2014 година и на релевантните судски постапки кои апликантите последователно ги покренале пред домашните судови поради неможноста на апликантите слободно да ја напуштат државата. Апликантите биле спречени да ја напуштат државата заради причини кои сумарно се сведуваат, со определени варијации, на тоа дека тие претставувале закана за јавната политика и односите на државата со земји членки на ЕУ и бидејќи не приложиле докази за доволен износ на финансиски средства, за должината на престојот, ниту повратен билет или формална покана или гаранција. Сите апликанти покренале граѓански постапки согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација со наводи за повреда на нивното право на еднаков третман и правото за напуштање на државата, односно слободно движење. Судот смета дека без никакво разгледување на индивидуалните околности на овие апликанти, мерките кои ги презела државата за недозволување да ја напуштат државата не може да се окарактеризираат како неопходни во едно демократско општество и поради тоа утврди повреда на членот 2 од

Протоколот број 4 од ЕКЧП, а од друга страна Судот заклучи дека домашните судови во нивните одлуки не дале објективно и разумно оправдување за различниот третман на кој биле подложени апликантите на граничните премени и поради тоа утврди дека апликантите биле дискриминирани поради нивното ромско потекло кога биле спречени да ја преминат државната граница и со тоа била сторена повреда на членот 14 од ЕКЧП во врска со членот 2 од Протоколот број 4 од ЕКЧП.

Во случајот *Китановска и Трајковски,* Судот констатираше повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 (право на сопственост) на Конвенцијата. Имајќи ја предвид сличноста на наводите на апликантите и причините поради кои е утврдена повреда од ЕСЧП во случајот *Стрезовски и други* против Северна Македонија, А.бр. 14460/16 и 7 други, Владата до Судот достави еднострана декларација со која призна дека постои повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата и побара од Судот апликациите да ги отстрани од листата на предмети. Меѓутоа, Судот ценејќи ги основите за повторување на постапката од Законот за парнична постапка, според кој повторување на постапката е дозволено само во случај на пресуда на ЕСЧП во која е утврдена повреда, заклучи дека одлука на Судот врз основа на еднострана декларација не би претставувала основа за повторување на спорните постапки и утврди повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 со оглед дека мерката за плаќање на фиксен надомест била предвидена со закон и имала легитимна цел, меѓутоа дека домашните судови не обезбедиле правична рамнотежа помеѓу интересите на поединецот и заедницата, уврдувајќи дека го примениле истиот бланкетен пристап за кој Судот веќе утврдил дека е спротивен на Конвенцијата во пресудата *Стрезовски и други*.

Во случајот *Јанакиески*, ЕСЧП констатираше повреда на членот 5 § 3 од ЕКЧП поради недостаток на доволно причини за лишувањето на апликантот од слобода и повреда на членот 5 § 4 од ЕКЧП поради отсуство на „брза“ постапка на судски надзор на лишувањето од слобода. Двете апликации беа поднесени од страна на апликантот кој беше министер за транспорт и врски до мај 2015 година. Тој бил наизменично задржуван во притвор и куќен притвор во неколку посебни кривични постапки, од кои две беа предмет на конкретниот случај и тоа: „Организатори на настаните од 27 април во Собранието“ и „Шпански скали“. Судот утврди дека во двете постапки постоело основано сомневање дека апликантот ги сторил делата за кои се товарел, како неопходен услов за негово лишување од слобода но и повреда на членот 5 став 3 имајќи предвид дека апликантот бил континуирано лишен од слобода од 20 февруари 2019 година до 23 февруари 2021 година или вкупно 2 години и 3 дена, а од 12 декември 2019 година до февруари 2021 година, лишувањето од слобода било засновано исклучиво на ризикот од негово бегство, а при утврдувањето на тој ризик домашниот суд се

повикал само на фактори кои се однесуваат на природата на наводното дело и сериозноста на можната казна, а не се осврнал, освен попатно, на личните околности на апликантот, како меѓународните контакти или неговото однесување во текот на постапката; дека причините дадени во сите решенија за продолжување на лишувањето од слобода од декември 2019 година до февруари 2021 година останале многу слични и повторливи со сумарна формулација без суштинска анализа на личните индивидуални околности на апликантот, ниту оценка за континуираната оправданост на куќниот притвор на апликантот и покрај протекот на време; дека освен формалната изјава дека алтернативните мерки се сметале за несоодветни, советот не дал никакви конкретни причини за овој заклучок; дека Апелациониот суд, при одлучувањето по жалбите на апликантот, не ги отстранил овие недостатоци имајќи предвид дека неговите одлуки останале слично општи и повторливи. Конечно, ЕСЧП утврди дека барем во една прилика Апелациониот суд направил инверзија на презумпцијата во корист на ослободување со тоа што утврдил дека немало доволно аргументи во жалбите на апликантот за замена на неговиот куќен притвор со мерки на претпазливост, со што товарот на докажување го префрлил на апликантот. Поради наведеното, ЕСЧП констатираше дека барем од 12 декември 2019 година, со тоа што судовите не се повикале на конкретни факти и во суштина повикувајќи се само на сериозноста на обвиненијата и можната казна, го продолжувале лишувањето од слобода на апликантот, врз основи кои иако „релевантни“, не може да се сметаат за „доволни“, што преставува повреда на членот 5 § 3 од Конвенцијата. Судот утврди и повреда на членот 5 став 4 од ЕКЧП бидејќи жалбите на апликантот против решенијата за куќен притвор во втората кривична постапка не биле брзо разгледувани. Иманое се работи за 9 постапки на судски надзор над различни решенија кои траеле помеѓу 18 и 22 дена во услови кога предмет на жалбите бил во основа 30-дневното продолжување на соодветната мерка за обезбедување присуство. Поради овие околности, ЕСЧП констатираше повреда на членот 5 став 3 и 4 од Конвенцијата.

Случајот *С.Б.,* во кој ЕСЧП констатираше повреда на членот 1 од Протоколот бр. 7 на ЕКЧП се однесува на повреда на процедуралните гаранции во случај на протерување на странци. Станува збор за постапка во која на апликантката С.Б. (која за време на конфликтот во 1999 година во Косово, добила статус на бегалец и право на азил во нашата држава, каде се чини и денес живее со вонбрачен партнер, македонски државјанин, со кој има 5 деца - сите македонски државјани), со одлука на МВР од 9 март 2017 година ѝ престанало правото на азил по основ на заштита на националната безбедност и била задолжена да ја напушти државата. При констатирање на повредата на ЕКЧП, ЕСЧП имаше предвид, меѓудругото, дека одлуката на МВР не содржела ниту индикации за фактите кои послужиле како основ за оценката дека апликантката претставува опасност по националната безбедност и дека таа одлука била

заснована на класифицирано известување од правниот претходник на Агенцијата за национална безбедност (АНБ). Истото за потребите на постапката пред ЕСЧП беше декласифицирано, и според истото единствената причина за оценка на апликантката како опасност по националната безбедност било наводно знаење и поддршка на криминални активности на лица блиски до апликантката, односно нејзиниот заеднички партнер и неговиот татко. Немајќи ни преглед на фактите кои послужиле како основа за оценка во постапката пред Министерството, апликантката не била во можност соодветно да го претстави својот случај во судската постапка што следела; дополнително, не биле преземени никакви чекори од управните судови за да се потврди точноста и веродостојноста на белешката на која Министерството ја засновало одлуката, а управнот судство дополнително одлуката ја засновало на други факти за кои апликантката исто така немала можност да се прозиесе во текот на постапката. Судот утврди дека на апликантката ѝ било ограничено уживањето на нејзиното право од процедурален аспект на членот 1 од Протоколот бр. 7 од Конвенцијата во случај на протерување на странец.

Во случајот *Насков и други*, се работи за постапка за денационализација за која жалбените наводи на апликантите се однесуваа на тоа дека било укинато решението за денационализација во однос на земјиштето кое не им било вратено поради приватни деловни простории што биле изградени на него, односно откако имале поднесено барање за денационализација на нивниот имот што бил одземен од државата, на нивните парцели биле изградени бензинска пумпа и деловни простории од приватни компании, чии структури не биле од јавен интерес, а земјиштето за кое станува збор било неизградено кога апликантите го поднеле своето барање. Решението за денационализација од 2002 година било прогласено за делумно поништено од страна на Комисијата за денационализација *proprio motu*, во постапката за управно извршување во 2014 година – дванаесет години откако првпат било донесено – на основите на неговата правна и фактичка неспроведливост (поради тоа што во меѓувреме таму биле изградени приватни објекти). Судот понатаму смета дека увидот на лице место извршен осум години по поднесувањето на барањето за денационализација послужил како основа за укинување на решението. Меѓутоа, таквиот заклучок не бил предвидлив за апликантите, кои разумно можеле да очекуваат дека во постапката за управно извршување конечно ќе им биде вратено земјиштето. Исто така, не може да се занемари и фактот дека апликантите направиле голем број обиди, вклучувајќи и некои пред да го поднесат барањето за денационализација, за да ја спречат изградбата на деловните простории на земјиштето што било предмет на постапката за денационализација. Затоа, надлежните не можеле да тврдат дека не биле запознаени со тековната изградба на земјиштето. Неактивноста на надлежните придонела за изградбата на двата приватни објекта, во сопственост на приватни друштва, и покрај фактот

што се водела тековна постапка за денационализација во однос на предметното земјиште, а според Законот за денационализација, со истото не смеело да се располага. Како заклучок, укинувањето на правосилното решение за денационализација од 2002 година во овој случај го спречило потпирањето на апликантите на обврзувачка одлука и ги лишило од можноста да стекнат владение на имотот што тие легитимно очекувале да го добијат. Горенаведените заклучоци беа доволни за Судот да заклучи дека мешањето во имотните интереси на апликантите било во спротивност со начелото на законитост и предвидливост што не е во согласност со начелата на Конвенцијата. Соодветно, тоа е некомпатибилно со правото на апликантите на мирно уживање во нивниот имот. Според тоа, Судотсо пресудата утврди дека постои повреда на правото на сопственост гарантирано со членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, а прашањето за материјална штета го резервираше за одлучување со дополнителна одлука.

Во случајот *Јакимовски и Кари превоз*, ЕСЧП веќе претходно со пресудата донесена на 14 ноември 2019 година имаше утврдено повреда на правото на сопственост во однос на двајцата апликанти, а откако во јануари 2020 година Владата го информираше Судот дека во декември 2019 година правниот застапник на компанијата апликант ги информирал дека на 23 март 2016 година компанијата апликант престанала да постои и била избришана од евиденцијата на Централниот регистар, истата предложи ревизија на пресудата според правилото 80 од Деловникот на Судот. Со пресудата од 1 јуни 2023 година Судот одлучи останатата половина од паричниот надоместок што државата требаше да го исплати на компанијата апликант, да го исплати на сметката на првиот апликант, како едисвтен сопственик на комапнијата која престанала да постои.

## 5.2. ОДЛУКИ НА ЕСЧП ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА

Во текот на 2023 година ЕСЧП донесе вкупно 20 одлуки против Северна Македонија со кои одлучи за вкупно 117 поднесени апликации пред ЕСЧП.

Со 6 одлуки од вкупно 20, ЕСЧП одлучи за вкупно 11 апликации поднесени против државата и истите ги прогласи за недопуштени[89].

Така, апликантите во предметот *Ангелески и други*[90] се жалеа според членот 6 од ЕКЧП во врска со недоволното образложение во судските одлуки и членот 1 од Протоколот број 1 во

[89]*Ангелески и други*, одлука од 28 септември 2023 година; М.*Ч.Г.,* одлука од 28 септември 2023 година; *Блажески,* одлука од 7 септември 2023 година; *Талески и други*, одлука од 16 февруари 2023 година.; *Бунгуров*, одлука од 9 март 2023 година; Филиќ, одлука од 9 март 2023 година.
[90] *Ангелески и други*, одлука од 28.09.2023 година.

врска со постапката за надоместок на штета за експроприрано, односно национализирано земјиште во износ пресметан врз основа на стапка што се применува за земјоделско земјиште, а не по стапка што се применува за градежно земјиште, затоа што земјиштето, во времето кога било експроприрано, било земјоделско и на барателите (или на нивните претходници) им бил доделен надоместок во износ пресметан според важечките правила. Судот утврди дека таквата одлука дека експроприраното земјиште било земјоделско не може да се смета за произволно или очигледно неразумно и доследно бил применуван законскиот критериум што се однесува на состојбата во која се наоѓало земјиштето во времето на експропријацијата и со оглед на тоа овој дел од апликацијата Судот сметаше дека е некомпатибилен *ratione materiae* со одредбите на Конвенцијата. Исто така, Судот утврди дека фактот што домашните судови експлицитно не ги елаборирале доказите изнесени од апликантите не го менува наодот на Судот дека нивното резонирање било во согласност со членот 6 од Конвенцијата. Во околностите ЕСЧП ја отфрли апликацијата како недопуштена.

Предметот *М.Ч.Г.*[91] се однесува на наводен пропуст на домашните органи да ги истражат жалбените наводи на апликантите за семејно насилство. Судот ја отфрли апликацијата како очигледно неоснована со оглед дека апликантите не успеале да докажат дека нивниот физички или психолошки интегритет бил негативно засегнат на таков начин што би била повредена процедуралната обврска според членот 8 од Конвенцијата.

Предметот *Блажески*[92] се однесува на наводна повреда на членот 5 од Протоколот бр. 7 на Конвенцијата дека поради релевантната домашна правна рамка, првиот апликант претрпел нееднаквост во уживањето на родителските права vis-à-vis втората апликантка. Владата тврдеше дека жалбените наводи на апликантите не потпаѓаат под опсегот на терминот „приватно-правен карактер“ во смисла на членот 5 од Протоколот бр. 7 од Конвенцијата и дека тој член не може да се примени во случајот. Судот ја прогласи апликацијата како недопуштена *ratione materiae* бидејќи се работи за спор кој не спаѓа во сферата на приватното право.

Жалбените наводи во предметот *Бунгуров*[93] се однесуваа на наводна повреда на правото на пристап до суд гарантирано со членот 6 од ЕКЧП. Владата тврдеше дека апликантот, кој бил законски застапуван во домашната постапка од страна на адвокат, не постапил со потребната внимателност при поднесувањето на својата граѓанска тужба на начин кој не е конзистентен со законските барања. Според тоа, негативните последици од таа процедурална грешка почиваат на самиот апликант. Оттука произлегува дека мешањето во неговото право на пристап до суд

---

[91] *М.Ч.Г. и други*, одлука од 28.09.2023 година.
[92] *Блажески*, одлука од 7.9.2023 година.
[93] *Бунгуров*, одлука од 9 март 2023 година.

не може да се смета за непропорционално и поради тоа Судот ја отфрли апликацијата како очигледно неоснована.

Во предметот *Филиќ*[94] станува збор за жалбени наводи во однос на управна постапка пред Центарот за социјални работи за правата на контакт на апликантот (хрватски државјанин кој живее во Хрватска) со неговата ќерка, К. (родена во 2012 година), која – по разводот на нејзините родители – живее со нејзината мајка во Северна Македонија. Жалбените наводи се однесуваа на членот 8 од ЕКЧП кој го гарантира правото на личен и семеен живот. Според Судот, немало недостаток на ажурност од страна на властите во врска со извршувањето на наредбите за контакт што би го спречило апликантот да има контакт со својата ќерка. Судот во овој контекст ја забележа очигледната тешкотија за апликантот да одржува редовен контакт лично со К., поради (i) фактот дека тие живееле во различни земји и (ii) ограничувањата поврзани со пандемијата Ковид-19. Оттука, овој жалбен навод Судот го отфрли како очигледно неоснован.

Во својата одлука во предметот *Талески и други*[95] ЕСЧП едногласно ги прогласи апликациите за недозволени. Повикувајќи се на член 6 став 1 од ЕКЧП (право на правично судење), апликантите (освен г. Темелко) се жалеа дека тоа што се кривично гонети откако биле помилувани го повредило владеењето на правото и дека одлуките за поништување на поранешниот Претседател на државата биле спротивни на принципот на правна сигурност поради нивното ретроактивно дејство. Понатаму, г. Талески и г. Темелко се жалеа врз основа на членот 5 став 1(в) од ЕКЧП (право на слобода и безбедност) дека нивниот притвор бил арбитрарен. ЕСЧП утврди дека апликантите пропуштиле да ги исцрпат домашните правни лекови и дека затоа жалбените наводи по основ на членот 6 од ЕКЧП (право на правично судење) се преурането бидејќи домашните органи имаат можност да се произнесат за тие наводи во тековните кривични постапки, односно дека домашниот судски систем, кој може директно да ја примени Конвенцијата, треба да добие шанса да се произнесе во врска со жалбените наводи и да ги исправи сите повреди на Конвенцијата кои евентуално би ги утврдил. Во однос на жалбените наводи на г. Талески по основ на членот 5, ЕСЧП утврди отсуство на потреба да ја испитува постапката во врска со неговиот домашен притвор по одлуката на поранешниот Претседател на државата од 12 април 2016, бидејќи тој бил пуштен на слобода повеќе од шест месеци пред тој да ја поднесе апликацијата до ЕСЧП. Од друга страна, во однос на неговите наводи дека истрагата требало да биде запрена, ЕСЧП истакна особено дека правниот лек кој г. Талески го искористил и за кој тој тврдеше дека бил ефективен, бил отфрлен како ненавремен, со одлуки на домашните судови кои не се чинат

[94] *Филиќ*, одлука од 9 март 2023 година.
[95] *Талески и други*, одлука од 16 февруари 2023 година.

неразумни и арбитрарни. Во врска со жалбените наводи на г. Темелко според членот 5, ЕСЧП утврди дека тој бил или во притвор или во домашен притвор помеѓу 26 септември 2017 година и 16 мај 2018 година. Решенијата со кои му биле определени мерките за обезбедување на присуство биле предмет на судско преиспитување од страна на домашните судови. Сепак, тој тврдеше дека домашните судови требало по сопствена иницијатива да испитаат дали постоеле некакви основи (помилување од претседателот) што го исклучуваат кривичното гонење, кои притворот би го направиле незаконски. ЕСЧП заземе став дека дури и да било така, сè уште постоела обврска за апликантот, пред домашните судови да ги изнесе своите жалбени наводи според Конвенцијата. ЕСЧП заклучи дека тој не го сторил тоа и не изложил никаков аргумент зошто тој правен лек би бил неефикасен, односно дека г. Темелко, не ги изнел неговите жалбени наводи според Конвенцијата пред домашните судови. Со оглед на горенаведеното, ЕСЧП одлучи дека жалбените наводи по основ на членот 5 и членот 6 од ЕКЧП се недозволени односно недопуштени поради неисцрпување на домашните правни лекови.

Од преостанатите 14 одлуки, 10 одлуки беа донесени врз основа на постигната спогодба помеѓу државата и апликантите[96]. Вкупно 8 од овие одлуки, кои се однесуваа на вкупно 75 апликации беа со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок[97], поради во принцип, несоодветен надомест досуден од страна на Врховниот суд кој инаку констатирал повреда на правото. 2 одлуки беа донесени. по еднострано признавање на повреда на ЕКЧП од страна на државата[98], а 2 предмети беа тргнати од листата според членот 37 став 1 (а) од Конвенцијата кој ја предвидува оваа можност во околности кои водат до заклучок дека апликантите немаат намера да продолжат со постапката по нивната апликација пред Судот[99].

## 6. ИЗНОС НА ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТ ДОСУДЕН ОД СТРАНА НА ЕСЧП СО ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2023 година износот на досудени средства по сите основи од страна на ЕСЧП (пресуди со констатирана повреда на ЕКЧП, одлуки за спогодбено решавање на предметите и одлуки донесени по основ на еднострана декларација, односно признавање на повредите на ЕКЧП) е вкупно **828.673 €** и претставува значително зголемување во

---

[96] *Дамјановски и други*, одлука од 14.12.2023 година; *Стојановски и други*, одлука од 23.11.2023 година; *Велковска и други*, одлука од 14.12.2023 година; *Ејупи и други*, одлука од 30.11.2023 година; *Илијевска и други*, одлука од 30.11.2023 година; *Тутуновска и други*, одлука од 30.11.2023 година; *Хасан и други*, одлука од 6.7.2023 година; *Y и Z*, одлука од 06.07.2023 година; *Исеини и други*, одлука од 13 април 2023 година *Салим и други*, одлука од 02.03.2023 година.

[97] *Дамјановски и други,* одлука од 14 декември 2023 година; *Ацо Стојановски и други,* одлука од 14 декември 2023 година; *Велковска и други*, одлука од 14 декември 2023 година; *Ејупи и други,* одлука од 30 ноември 2023 година; *Илијевска и други*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Тутуновска и други*, одлука од 30 ноември 2023 година; *Хасан и други*, одлука од 6 јули 2023 година; *Исеини и други*, одлука од 13 април 2023 година.

[98] *Цанева и други*, одлука од 11.05.2023 година; *Кузмановска и други*, одлука од 02.03.2023 година.

[99] *Рипилоски,* одлука од 09.11.2023 година; *Трајческа,* одлука од 30.11.2023 година.

однос на износот на парични средства досудени од страна на ЕСЧП во претходните години, или највисок износ досега гледано споредбено во последните 10 години, што го прави рекордна сума на досудени износи од страна на ЕСЧП во предмети против државата досега. Во два случаи беше забележано доцнење при исплатата.




## 7. ПРЕДМЕТИ ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

Откако во текот на 2016 година, државата го достигна рекордот по однос на бројот на пресуди и одлуки во однос на кои беше донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на една година и со тоа означен беше крајот на процесот на нивното извршување, што пред сѐ се должи на затворање на околу 60 пресуди со кои беше констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од членот 6 на ЕКЧП, а во некои од нив и повреда на членот 13 (правото на ефикасен домашен правен лек) во врска со членот 6 (правото на судење во разумен рок), а пред сѐ капитилизирајќи ги напорите кои беа правени во годините претходно за забрзување на домашните постапки, намалувањето на бројот на т.н. „стари предмети“, но се чини пред сѐ на воведувањето на домашното правно средство пред Врховниот суд за заштита на правото на судење во

разумен рок кое во 2011 година беше прогласено за ефикасно од страна на ЕСЧП[100], бројот на предмети за кои Комитетот на министри го затвори надзорот на извршување во текот на 2023 година изнесуваше 16, за разлика од 2022 година кога овој број изнесуваше 28. За листата од 9 пресуди за кои е донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на 2023 година, види **Анекс бр. 2**. 4 од овие предмети беа класифицирани како водечки. Останатите 7 финални резолуции се однесуваат на одлуки на ЕСЧП донесени врз основа на спогодба.

Во текот на 2023 година од страна на Бирото за застапување на Република Северна Македонија беа изготвени и до Комитетот на министри испратени 6 акциони планови за вкупно 12 пресуди и 4 акциони извештаи за вкупно 5 пресуди на ЕСЧП преку кои државата реферира, а Комитетот на министри го врши надзорот на извршувањето на пресудите на ЕСЧП против државата. За листата на овие предмети види **Анекс бр. 3**.

Бројот на предмети во извршување, а под надзор на Комитетот на министри на крајот на 2023 година изнесуваше 33. Бројот на нови предмети кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во 2023 година изнесуваше 20, за разлика од бројот во 2022 година кога изнесуваше 10 или во 2021 кога изнесуваше 20. Од „новите предмети" или предметите кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во текот на 2023 година, 6 се водечки, а 14 беа класифицирани како повторувачки предмети. Од вкупниот број на 33 предмети под надзор на Комитетот на министри на крајот од 2023 година, 12 се класифицирани како водечки од кои 4 под зајакнат надзор, а 8 кои беа класифицирани како водечки се под стандарден надзор. За листата на водечки предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри види повеќе во **Анекс бр. 4.**

Од водечките случаи под зајакнат надзор, два се во процес на извршување и под надзор на Комитетот на министри 5 или подолго од 5 години. Станува збор за случајот *Китановски*[101] кој е водечки во однос на група на уште 7 пресуди со кои е констатирана повреда на членот 2 односно 3 од ЕКЧП, особено поради отсуство на ефикасна истрага на наводите за нечовечко постапување од страна на полицијата. Другиот случај е *ПОА*[102], кој во група со уште три повторувачки случаи од кои едниот - *Бекташиска верска* заедница се уште е под наздор над извршувањето и во делот на индивидуалните мерки. Во последноспоменатите случаи се работи за повреда на ЕКЧП поради нерегистрирање на верски субјекти односно верски здруженија. Слично, 2 од водечките случаи под стандарден надзор на Комитетот на министри се во процес на извршување 5 или подолго од 5 години. Тука станува збор за случајот

[100] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука од 3 ноември 2011 година.
[101] пресуда од 22 јануари 2015 година.
[102] пресуда од 16 ноември 2017 година.

*Василковски и др.*[103], кој е водечки во однос на група предмети чиј раст е во подем а се однесуваат на членот 5 од ЕКЧП која го гарантира правото на слобода и безбедност (притворски предмети). Другиот, случајот *Митови*[104] претпоставува измени во домашното законодавство примарно во областа на семејното право, особено во делот кој се однесува на видувањето на деца.

**ПРЕДМЕТИ ПОД НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ**

**Водечки**




**Повторувачки**




**ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ДОНЕСЕ ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ И ГО ЗАТВОРИ НАДЗОРОТ НАД ИЗВРШУВАЊЕТО**

**Водечки**




**Повторувачки**




[103] пресуда од 28 октомври 2020 година.
[104] пресуда од 16 април 2015 година.

**НОВИ СЛУЧАИ ПОД НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ**

**Водечки**




**Повторувачки**



| | АНЕКС БР.1 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДОСТАВЕНИ НА ОДГОВОР ВО 2023 г.** | | | |
| | **ПРЕДМЕТ** | **БРОЈ НА АПЛИКАЦИЈА** | **АПЛИКАНТ/И** | **ЖАЛБЕНИ НАВОДИ НА АПЛИКАНТОТ/ИТЕ** |
| **1.** | **Пуцко петрол импорт-експорт ДООЕЛ и 4 други апликации** | А.бр. 6381/20 и 4 други | 1. ПУЦКО ПЕТРОЛ ИМПОРТ-ЕКСПОРТ ДООЕЛ<br>2. С. КОМ ДООЕЛ<br>3. Елена Никчевска и Јасмина Василковска<br>4. АГРОВОЈВОДИНА-МЕХАНИЗАЦИЈА НС ДООЕЛ<br>5. СПЕЦИАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ СК | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење – долго траење на постапката за извршување на правосилни и извршни пресуди)<br>**член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост)<br>**член 13 од Конвенцијата**<br>(право на ефективен правен лек) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **АД Осигурителна полиса Скопје и 7 други апликации** | А.бр. 62544/19 и 7 други | 1. АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје, ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ ВИЕНА ОСИГУРУВАЊЕ ГРУП, КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД, ЈСАРГО ДООЕЛ СКОПЈЕ, ТЕХНОКАР САШО ДООЕЛ СКОПЈЕ<br>2. ГРАНИТ АД СКОПЈЕ, ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ, ВИНЕР ВИЕНА ОСИГУРУВАЊЕ, ГРУП СКОПЈЕ, ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ<br>3. КАРПОШ ФАКТОРИ АД<br>4. БЕТОН АД СКОПЈЕ | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење - долго траење на постапката за извршување на правосилни и извршни пресуди)<br>**член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост)<br>**член 13 од Конвенцијата**<br>(право на ефективен правен лек) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 5. ДИДАКС ДООЕЛ СКОПЈЕ | |
| | | | 6. БЕТОН АД СКОПЈЕ | |
| | | | 7. КАРГОМАКС ДООЕЛ МИЛАДИНОВЦИ ИЛИНДЕН | |
| | | | 8. БОМАРСКИ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ | |
| **3.** | **АНТОВСКИ и други** | А.бр. 20630/20 | 1. Деспот Антовски<br>2. Анкица Антовска<br>3. Душко Антовски<br>4. Данијела Таневска<br>5. Лина Таневска<br>6. Небојша Таневски | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на разумно траење на постапката) |
| **4.** | **ЗАХАРИЕВ** | А.бр. 26760/22 | Борислав Захариев | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење во кривичната постапка против апликантот) |
| **5.** | **ДИМИТРОВ** | А.бр. 24030/19 | Бранислав Димитров | **член 1 од Протоколот број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |
| **6.** | **ВАНГЕЛОВСКИ и СТОЈКОВСКА** | А.бр. 49303/20 | Јово Вангеловски и Рахилка Стојковска | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | **ХАСАН и 2 други апликации** | А.бр. 35981/21 и две други апликации | 1. Насер Хасан<br>2. Артан Салиу<br>3. Абаз Емини, Африм Сулејмани, Владимир Цонов, Ленка Јовановска, Крсте Божиновски, Горан Наутлиев, Веса Петровска, Злате Мицески | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на разумно траење на постапка) |
| **8.** | **ЈУРУКОСКИ СЕКО ДООЕЛ** | А.бр. 471/19 | ЈУРУКОСКИ СЕКО ДООЕЛ | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| **9.** | **КАМЧЕВ** | А.бр. 38182/21 1 друга апликација | Јордан Камчев | **член 5 § 3 од Конвенцијата**<br>(релевантни и доволни причини за продолжување на притворот на апликантот)<br>**член 5 § 4 од Конвенцијата**<br>(процесни гаранции при определување/продолжување на мерки за обезбедување присуство) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | **ТРПКОВСКИ** | А.бр. 24705/21 | Стојан Трпковски | **член 8 §§ 1 и 2 од Конвенцијата** |
| **11.** | **ДИМКОВИЌ** | А.бр. 35420/19 | Владимир Димковиќ | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| **12.** | **АНГЕЛОВ** | А.бр. 47386/20 | Стојан Ангелов | **член 4 § 1 од Протокол број 7 од Конвенцијата**<br>(право да не биде кривично гонет или суден двапати за исто дело) |
| **13.** | **МАГДЕЛИНИЌ и 4 други апликации** | А.бр. 13208/20 и 4 други апликации | Душко Магделиниќ | **член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |
| **14.** | **ГЛАВЧЕВ** | А.бр. 15816/19 и 3 други апликации | Томе Главчев, НОЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДООЕЛ ГЕВГЕЛИЈА, НОЕЛ КОМПАНИ ДОО ГЕВГЕЛИЈА, НОЕЛ ПЛУС ДООЕЛ СТОЈАКОВО БОГДАНЦИ, БЕНТТОН ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ГЕВГЕЛИЈА | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на образложена судска одлука)<br>**член 8 §§ 1 и 2 од Конвенцијата**<br>(право на почитување на неговиот приватен живот и дом)<br>**член 2 од Протокол бр. 4 кон Конвенцијата**<br>(повреда на слободата на движење)<br>**Член 13 од Конвенцијата** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | (право на ефективен домашен правен лек)<br>**член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |
| **15.** | **РАШКОВСКИ и 5 други апликации** | А.бр. 52490/21 и 5 други апликации | Драги Рашковски и Даниел Станчев | **член 5 § 3 од Конвенцијата**<br>право на доволно релевантни причини при одредувањето и продолжувањето на мерката притвор и куќен притвор<br>**член 5 § 4 од Конвенцијата**<br>(процесни гаранции при определување/продолжување на мерки за обезбедување присуство)<br>**член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |
| **16.** | **АСАН** | А. бр. 50897/21 | Абдурахман Асан | **член 5 §§ 1, 2 и 4 од Конвенцијата**<br>- Право на лишување од слобода врз основа на „разумно сомнение“ за сторено кривично дело<br>- право на „релевантни и доволни“ причини на судските одлуки за определување и продолжување на мерката притвор<br>- Право на доставување на писмените поднесоци/предлози на јавното |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | обвинителство со кои се барало определување на мерката притвор и последователно нејзино продолжување |
| **17.** | **СКРЧЕСКИ** | А. бр. 37954/21 | Трајче Скрчески | **член 6 § 1 од Конвенцијата** (право на правично судење) |
| **18.** | **ИЛИЕВСКА и 1 друга апликација** | А.бр. 19689/21 и 1 друга апликација | Силвана Илиевска и Сузана Здравева | **член 6 § 1 од Конвенцијата** (право на правично судење) |
| **19.** | **КИТАНОВСКИ** | А.бр. 22146/20 | Ацо Китановски | **член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата** (право на сопственост) |
| **20.** | **ЦВЕТКОСКИ** | А.бр. 55849/20 | Александар Цветкоски | **член 5 § 1 (д) од Конвенцијата** (право на законско и оправдано континуирано лишување од слобода) |
| **21.** | **РИБАРЕВ** | А.бр. 39987/22 | Стојанче Рибарев | **член 6 § 1 од Конвенцијата** (право на правично судење) |

**АНЕКС БР. 2**

**ПРЕСУДИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЧИЕ ИЗВРШУВАЊЕ Е ЗАТВОРЕНО СО ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ УСВОЕНИ ОД КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ВО 2023 ГОДИНА**

| | ПРЕДМЕТ | БРОЈ НА АПЛИКАЦИЈА | ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА | ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАЛНА РЕЗОЛУЦИЈА | ВИД НА ПОВРЕДА |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Андоновски** – повторувачки случај во група Китановски | А.бр. 24312/10 | 23.07.2015 | 05.06.2023 | **Член 3 од Конвенцијата** Забрана на мачење |
| **2.** | **Хајрулаху** – повторувачки случај во група Китановски | А.бр. 37537/07 | 29.10.2015 | 05.06.2023 | **Член 3 од Конвенцијата** Забрана на мачење |
| **3.** | **Асллани** – повторувачки случај во група Китановски | А.бр. 24058/13 | 10.12.2015 | 05.06.2023 | **Член 3 од Конвенцијата** Забрана на мачење |
| **4.** | **Анастасов** | А.бр. 46082/14 | 26.09.2019 | 12.07.2023 | **Член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -водечки случај | | | | Право на сопственост |
| **5.** | **Јакимовски и Кари превоз** – водечки случај | А.бр. 51599/11 | 14.11.2019 | 13.12.2023 | **Член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата** Право на сопственост |
| **6.** | **Анев и Најдовски** – повторувачки случај во група Анастасов | А.бр. 17807/15 | 03.09.2020 | 12.07.2023 | **Член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата** Право на сопственост |
| **7.** | **Трендафиловски** – повторувачки случај во група Китановски | А.бр. 59119/15 | 17.12.2020 | 05.06.2023 | **Член 3 од Конвенцијата** Забрана на мачење |
| **8.** | **Проданов** – водечки случај | А.бр. 73087/12 | 10.06.2021 | 12.07.2023 | **Член 6 од Конвенцијата** Право на пристап до суд |
| **9.** | **Бајиќ** – водечки случај | А.бр. 2833/13 | 10.06.2021 | 05.12.2023 | **Член 6 од Конвенцијата** Право на правично судење |

**Анекс бр. 3**

**Предмети за кои што се поднесени акциони планови и извештаи во текот на 2023 година:**

**Акциони планови:**

1. Група Китановски
(предмети: Китановски, Андоновски, Асллани, Хајрулаху, Илиевска, Мемедов, Трендафиловски, X и Y);
2. X (А.бр. 29683/16);
3. Елмазова и други (А.бр. 11811/20 и 13550/20);
4. Радика превози ДОО Љубљана (А.бр. 52003/18);
5. Димчевска (А.бр. 13919/18).

**Акциони извештаи:**

6. Група Анастасов (предмети: Анастасов, Анев и Најдовски);
7. Проданов (А.бр. 73087/12);
8. Бајиќ (А.бр. 2833/13);
9. Јакимовски и Кари превоз (А.бр. 51599/11).

| АНЕКС БР. 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **„ВОДЕЧКИ“ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ** | | | | | | |
| | **Број на Апликација** | **Датум на донесување на пресудата** | **Датум на правосилност** | **Апликант/Компанија апликант** | **Вид на повреда** | **Тип на надзор** |
| 1. | А.бр. 3532/07 | 16.11.2017 | 09.04.2018 | **ПОА (ГРКОПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА НА ПЕЌКАТА ПАТРИЈАРШИЈА)** | **член 11 во врска со членот 9 од Конвенцијата** повреда на правото на слобода на здружување поради одбивањето на државните власти да го регистрираат здружението апликант како верски субјект | Зајакнат надзор |
| 2. | А.бр. 53565/13 | 16.04.2015 | 16.07.2015 | **МИТОВИ** | **член 8 од Конвенцијата** повреда на правото на апликантите (татко, баба и дедо) на почитување на нивниот семеен живот, како резултат на пропустот на државните органи да преземат соодветни и ефективни напори за извршување на одлуките за видување донесени од Центарот за социјални работи; **член 13 од Конвенцијата** отсуство на ефективен правен лек во врска со членот 8 од Конвенцијата | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | А.бр. 15191/12 | 22.01.2015 | 22.04.2015 | **КИТАНОВСКИ** | **член 2 од Конвенцијата (материјален аспект)** употреба на живото-загрозувачки третман од страна на полициски службеници;<br><br>**член 3 од Конвенцијата (материјален аспект)** деградирачки третман од страна на полициски службеници за време на неговото апсење;<br><br>**член 2 и 3 од Конвенцијата (процесен аспект)** отсуство на ефективна истрага за жалбените наводи на апликантот поради живото-загрозувачкиот и деградирачки третман од страна на полициски службеници | Зајакнат надзор |
| 4. | А.бр. 28169/08 | 28.10.2010 | 28.01.2011 | **ВАСИЛКОСКИ И ДРУГИ** | **член 5 § 3 од Конвенцијата** отсуство на конкретни и недоволно образложени причини за притвор на апликантите; | Стандарден надзор |
| 5. | А.бр. 29683/16 | 17.01.2019 | 17.04.2019 | **X** | **член 8 од Конвенцијата** повреда на правото на апликантот на почитување на правото на приватност, како резултат на недостаток на правна рамка која ги регулира условите и постапката за промена на | Зајакнат надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ознаката за пол во изводот на родени | |
| 6. | А.бр. 53205/13 | 13.02.2020 | 13.06.2020 | **ТРАЈКОВСКИ И ЧИПОВСКИ** | **член 8 од Конвенцијата** повреда на правото на приватен живот поради правната рамка врз основа на која домашните органи ги чувале нивните ДНК примероци | Стандарден надзор |
| 7. | А.бр. 23773/17 | 07.06.2022 | 07.06.2022 | **КОСТОВСКИ** | **член 6 § 1 од Конвенцијата** повреда на правото на апликантот на правично судење поради неуспехот на Царинската управа во 2014 година и управните судови во 2016 година да дадат соодветни причини за одбивање на барањата на апликантот да се одржи усна расправа и да ги ценат како доказ видеоснимките од граничниот премин | Стандарден надзор |
| 8. | А.бр. 11811/20 | 13.12.2022 | 13.03.2023 | **ЕЛМАЗОВА И ДРУГИ** | **член 14 во врска со член 2 од Протокол број 1** Повреда на правото на образование и заштита од дискриминација на учениците Роми поради нивната сегрегација во две државни основни училишта кои ги посетуваат претежно деца Роми и со паралелки само за Роми, соодветно. Неуспех на државата да преземе мерки за десегрегација за да се поправи фактичката | Зајакнат надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | нееднаквост на апликантите | |
| 9. | А.бр. 52003/18 | 21.03.2023 | 21.03.2023 | **РАДИКА ПРЕВОЗИ ДОО ЉУБЉАНА** | **Член 1 од Протокол број 1 – право на сопственост**<br>Неуспех на домашните судови да утврдат дали привремената заплена на возилото на компанијата апликант во прекршочната постапка била пропорционално | Стандарден надзор |
| 10. | А.бр. 13919/18 | 04.04.2023 | 04.04.2023 | **ДИМЧЕВСКА** | **Член 6 од Конвенцијата**<br>Право на правично сослушување во кривична постапка – судење во отсуство (неможност да се добие право на повторно отварање на постапката за целите на утврдување на кривичната осуда по судењето во отсуство) | Стандарден надзор |
| 11. | А.бр. 53030/19 | 09.05.2023 | 09.08.2023 | **КИТАНОВСКА И БАРБУЛОВСКИ** | **Член 6 од Конвенцијата**<br>Право на пристап до суд поради отфрлање на тужбеното барање на апликантката против нотарски платни налози затоа што не било изготвено од страна на адвокат | Стандарден надзор |
| 12. | А.бр. 44033/17 | 18.07.2023 | 18.10.2023 | **Д.Х. И ДРУГИ** | **Член 3 - материјален аспект (Нечовечко или понижувачко постапување)**<br>Неуспех на државните органи да прикажат | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | доволно докази кои убедливо покажуваат дека полициските власти на приведените сексуални работници им обезбедиле храна, вода и пристап до тоалет<br>**Член 8**<br>**(Право на почитување на приватниот и семејниот живот)**<br>Неуспех на домашните судови да го заштитат од повреда правото на почитување на приватниот живот на притворените сексуални работници со објавување на нивните фотографии направени додека биле во притвор на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи. Апелационен суд немал доволно образложение во своите одлуки. | |